Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 16-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката за востановување награда на Општина Велес за најстудент„Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за востановување награда на Општина Велес за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/07).

Член 2

Член 3 став 1 се менува и гласи:

„Наградата за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ се состои од паричен дел во износ од една последна објавена просечна месечна нето плата и признание за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“.

Во член 3 став 2 се брише.

Член 3

Во член 5, после ставот 4, се додава нов став 5 кој гласи:

„Документите се доставуваат во оригинал или заверен препис од Нотар, а за студенти кои се запишани на факултет во странство доставените документи да се преведени од овластен судски преведувач“.

Член 4

Во член 6 став 1 се менува и гласи:

„Комисијата за јавни дејности секоја година до 5 октомври покренува иницијатива за прибирање предлози за доделување на наградата за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ и ја објавува на веб страната на Општина Велес и во локалните медиуми“.

Во член 6 во став 2 и став 3 зборовите „Комисијата за општествени дејности“ **се заменуваат** со зборовите „Комисијата за јавни дејности“.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на Советот на Општина Велес донесена е одлука за востановување награда на Општина Велес за најстудент„Проф.д-р.Ѓорѓи Шоптрајанов“, објавена во „Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/2007.

Потребата од изменување на оваа Одлука произлезе од заложбата на Општина Велес да обезбеди соодветно општествено признание и материјална поддршка за студентите кои со својот успех, посветеност и постигнувања се издвојуваат и претставуваат пример за останатите млади.

Зголемувањето на паричната награда претставува дополнителен поттик за постигнување на дополнителни резултати како и начин на вреднување на трудот, континуираниот успех и ангажманот на најуспешните студенти.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот.

168.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за востановување награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов"

Се објавува Одлуката за востановување награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.09.2007 година.

Број 0801-4173/3
28.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ"бр. 5/02), член 8 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2007 година, донесе

ОДЛУКА
за востановување награда на Општина Велес за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов"

Член 1

Со оваа Одлука се востановува награда за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов" на Општина Велес.

Член 2

Наградата за најстудент„Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов" се доделува на студент од Општина Велес со завршена најмалку втора година од студиите.

Член 3

Наградата за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов" се состои од паричен дел-денарска противвредност на 300 евра и свечена папка со диплома за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов".

Во колку добитникот на наградата е корисник на стипендија од Фондацијата „Коле Неделковски", паричниот дел се заменува со зголемување на стипендијата за 2.000 денари месечно и му се исплаќа заедно со стипендијата.

Член 4

Наградата се доделува секоја година за студент кој постигнал најдобар успех во претходните академски години.

Наградата не е деллива.

Наградата се врачува на свечена седница организирана по повод 9-ти Ноември – Денот на Општина Велес.

Член 5

Предлог за добитник на наградата за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов" може да поднесе секој граѓанин на Општина Велес и самиот студент.

Предложениот кандидат треба да ги исполнува следните услови:

- Да е студент на еден од универзитетите во Република Македонија и акредитираните универзитети во земјата и странство;
- Да има просечен успех од најмалку 9,5;
- Да е жител на Општина Велес.

Кон предлогот се доставува и уверение за предвидени и положени испити за завршените години од студирањето, како и лични податоци за кандидатот (копија од индекс и лична карта).

Предлогот мора да биде образложен.

Член 6

Комисијата за општествени дејности секоја година во текот на септември покренува иницијатива за прибирање предлози за доделување на наградата за најстудент„Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов" и ја објавува во локалните медиуми.

Комисијата за општествени дејности ќе изготви критериуми врз основа на кој ќе го врши изборот на кандидатите за награда.

Комисијата за општествени дејности врз основа на пристигнатите предлози утврдува и поднесува Предлог-одлука до Советот на Општина Велес за добитник на наградата за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов".

Член 7

Средствата за наградата за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов"се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес.

Член 8

Името на добитникот на наградата за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов" ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Велес".

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-4172/4
28.09.2007 година
В е л е с

ПРЕДСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.